# Изборна програма на ВМРО-ДПМНЕ
# ОПШТИНА НОВАЦИ
# 2013-2017

## НАШАТА ВИЗИЈА ЗА НОВАЦИ

- да бидеме во чекор со европскиот модел на водење на локалните заедници;
- неуморно да го следиме напредокот и новите технолошки достигнувања;
- да оствaруваме континуирана соработка со граѓаните, правните субјекти и државните институции;
- да ги јакнеме капацитетите на младата и стручна администрација за да бидеме поефикасни во извршувањето на задачите, предизвиците и задоволувањето на потребите на нашите жители;
- да бидеме општина – сервис на граѓаните;
- со напорна работа, ќе реализираме квалитетна програма со конкретни проекти - за Ваша посигурна иднина;
- конечно новите локални проекти ќе резултираат со позитивни ефекти;
- новите локални остварувања ќе овозможат нови вработувања и
- со локален економски развој, ќе овозможиме перспектива за младите.

Младите се нашата иднина – тие се нашиот приоритет

## НАШИ ПРИОРИТЕТИ

1. Изградба и реконструкција на локалната патна мрежа и тоа следни- ве локални патни правци: с. Мегленци до с. Арматуш, с. Зовиќ до Р-511, с. Рибарци – с. Гнеотино, Р1311 – с. Мегленци, с. Брод до Р-510;
2. Изградба на спортска сала во ОУ „Славко Лумбарковски“во Новаци;
3. Изградба на повеќенаменско спортско игралиште во Новаци;
4. Изградба на канализациони системи во с. Добромири, с. Гермијан и с.Бач и
5. Изградба на брана на река Елешка и одводни канали и наводнување на Новачко поле

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## Гасификација на Новаци

Со вклучувањето на Република Македонија во проектот Јужен Поток и проектот за Изградба на националната гасоводна мрежа, ќе се овозможи гасификација на општина Новаци.

Со изградбата на секундарната и терцијалната мрежа ќе се овозможи пониски трошоци за греење за домаќинствата и за компаниите, како и пониски трошоци за енергенси на производствените капацитети кои ќе го користат гасот.

Рок декември 2016 година

## Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија

Ќе се стимулира развојот на постојните мали и средни бизниси. Ќе организираме обуки и работилници на кои малите и средни фирми од општина Новаци ќе се едуцираат како да применуваат современи методи и алатки за да го подобрат своето работење и со тоа да ја зголемат својата конкурентност.

Исто така, ќе бидат организирани консултации и обуки со фирмите, со цел да им се посочат мерките за поддршка и развој на малите и средни претпријатија кои ги презема општината во соработка со Владата на Република Македонија.

Мерки за подигање на свеста за претприемништвото, организирање настани и манифестации, давање услуги на малите и средни претпријатија за воведување стандарди, интернационализација на бизнисите, како и обуки за искористување на европските фондови, поддршка на кластерското здружување, се на листата на активности кои ќе ги презема општина Новаци со цел да им помогне на македонските фирми.

Рок на реализација: континуирано

## Општина Новаци ќе биде пилот општина за проектот на УСАИД за конкурентност во Македонија за Експанзија на Мали Бизниси

Општина Новаци ќе биде пилот општина каде ќе се спроведе проектот на УСАИД "За конкурентност во Македонија ". Ќе се направи избор на по еден индивидуален земјоделец од општина Новаци кој произведува пченка и индустриски домат каде ќе се настојува да се зголеми производството на избраните земјоделски култури со воведување на нови технологии и следење на современи земјоделски протоколи.

По спроведувањето на пилот проектот и промоцијата на постигнатите резултати се очекува масовна прифатеност на начинот на работа од страна на другите земјоделци. При реализацијата на овој проект пласманот на проиводството ќе биде обезбеден.

Рок на реализација: континуирано

## Редовни средби со бизнис – заедницата и создавање услови за проширување на постојните бизниси и отворање нови работни места

Општина Новаци ќе организира редовни средби со бизнис заедницата од регионот, со цел да се унапреди соработката меѓу компаниите од општината, да се споделат добрите работни практики и искуства меѓу компаниите, да се организира кластерското здружување, да се дискутираат можностите за заеднички настап на странските пазари. Со ова ќе се создадат услови и поголеми можности за проширување на постојните бизниси, а со тоа и отварањето на нови работни места.

Рок на реализација: континуирано

### Редовни контакти со Бизнис старт ап центарот

Општина Новаци остварува редовни контакти со Бизнис инкубаторот од Битола со цел промоција на општината, локален економски развој и развој на малите и средни претпријатија и нивна вклученост во најразлични проекти.

### Промоција на општина Новаци и привлекување на домашни и странски инвестиции

Општинската власт предводена од ВМРО – ДПМНЕ и во следниот мандат ќе продолжи да работи на системот за директна промоција на општина Новаци, при што дел од општинската администрација директно ќе контактира со потенцијални домашни и странски инвеститори и ќе им ги презентира предностите кои ги нуди нашата општина.

Рок на реализација: континуирано

### Создавање услови за влез на странски инвестиции (потенцијални странски инвеститори од Италија и Турција за изградба на плантажа на лешници и бадеми на површина од 250 ха)

Општина Новаци ќе продолжи да контактира со потенцијални заинтересирани инвеститори од Италија и Турција и други европски земји од каде веќе има интерес, при што ќе ги презентира можностите за инвестирање во плантажи за одгледување лешници и бадеми, но и другите ресурси и потенцијали со кои располага општината.

Рок на реализација: 2014 година

### Изградба на погон за преработка на лешници и бадеми од странски инвеститор

Поврзано со претходно покажаниот интерес за инвестирање во плантажи за лешници и бадеми, општина Новаци ќе продолжи да контактира и со потенцијални инвеститори, и ќе оствари соработка со нив заради презентирање на можноста за отварање погон за преработка на лешници и бадеми. Во преработувачкиот погон ќе се чистат и преработуваат лешниците, ќе се пакуваат во амбалажа и ќе се извезуваат како финален производ. Оваа инвестиција општина Новаци ќе ја реализира преку формирање Јавно приватно партнерство. Ваквите инвестиции во општина Новаци ќе значат и отворање нови работни места и можност за нови меѓународни контакти и соработка, кои првенствено ќе произлезат од соработката со веќе заинтересираните инвеститори.

Рок на реализација: 2013-2016

### Развивање на енергетските капацитети и инфраструктура во општина Новаци

Искористувањето на енергетските потенцијали на регионот во кој се наоѓа општина Новаци ќе ја зајакне конкурентноста на регионот и ќе доведе до намалување на трошоците за производство. Поконкретно, проекти во областа на енергетиката кои ќе бидат реализирани во наредниот четиригодишен период се следните:

- **Рудник за јаглен и нова термоелектрана во Мариово -** Во текот на 2010 и на 2011 година беа завршени деталните геолошки истражувања на јагленот во функција на отворање на нов рудник за јаглен во Мариово и започнавме со изработка на проект за негово отворање и евентуална експлоатација. Експлоатациските резерви на јаглен во овој рудник се проценети на 70-80 милиони тони. Главниот проект ќе биде готов во текот на 2013 година, и со добиените резултати ќе биде изготвена физибилити-студија за изградба на нова термоелектрана од 250-300 MW. Врз основа на овие резултати, во текот на 2013 година ќе биде дефинирана и динамиката на реализирање на овој проект, чија вредност иницијално е проценета на околу 400-450 милиони евра.
  Рок: 2013 – 2017
- **Рудник за јаглен во Живојно -** Во текот на 2012 ќе бидат завршени и истражувањата за нов рудник за јаглен во Живојно, кој е неопходен за продолжување на животниот век на РЕК Битола. Ова ќе биде прв рудник во Македонија, каде

јагленот ќе се вади преку подземен јамски коп. Почетните проценки се дека геолошките резерви се околу 108 милиони тони јаглен, а ЕЛЕМ изработи и ревидира проект за детални геолошки доистражувања. Во 2011 година беа направени дополнителните истражни работи, а во втората половина на 2013 ќе биде изработен и Главниот проект за отворање на рудникот. Сегашните проценки се дека во овој рудник, ЕЛЕМ ќе инвестира околу 100 милиони евра, а реализацијата ќе започне во 2014 година.

- **Ревитализација и модернизација на РЕК Битола** - По повеќе од 25 години експлоатација, Владата на ВМРО-ДПМНЕ го започна процесот на целосна ревитализација и модернизација на РЕК Битола, најголемиот и најзначајниот енергетски комплекс во Република Македонија. Започнавме активности во сите сегменти на производството на електрична енергија, почнувајќи од рудниците, турбините, генераторите и системите за управување и контрола, па сè до бојлерите и до ладилните кули. Практично како да го градиме РЕК Битола од ново.

Новиот површински јагленокоп Брод Гнеотино е отворен во 2010 година, при што ревитализирани се старите багери (СРС-2000) и набавени се нови (СРС- 1050 и два ЕШ 70/10). Започнавме и со отворањето на Подинската јагленова серија во постојниот рудник за јаглен Суводол. Во тек се и активности за отворање на рудникот во Живојно. Едновремено, завршена е и рехабилитацијата на турбините и генераторите во трите блока на РЕК Битола, инвестиција вредна 56 милиони евра. Рехабилитацијата и автоматизацијата на првиот блок успешно ја реализиравме во 2011 година, а до крајот на 2013 година ќе ги ревитализираме и останатите два блока. Со овој проект ќе се автоматизира во целост термоелектраната и нејзиниот систем за управување, ќе се зголеми ефикасноста на искористувањето на пареата и ќе се зголеми и моќноста на оваа електрана за дополнителни 25 MW. Вредноста на сиве овие проекти само во РЕК Битола ја надминува вредноста од преку 190 милиони евра. Во тек е втората фаза за комплексната ревитализација на котлите во ТЕЦ-Битола со приспособување на емисиите на NOx кон светските еколошки стандарди, како и можност за производство на топла вода за греење. Ревитализацијата во ТЕЦ Битола треба да заврши до крајот на 2014 година. Со овој проект, ќе се зголеми ефикасноста на бојлерите за дополнителни 1-3% и соодветно ќе се намали емисијата на СО2. Уште позначајно, ќе се зголеми флексибилноста на котлите за работа со поголем опсег на калорична моќност на јагленот, ќе се намали бројот на испади, ќе се намали употребата на мазут во процесот и ќе се продолжи животниот век на бојлерите за нови 25 години. Досега се веќе обезбедени 42 милиони преку Deutche Bank, а вкупната вредност на проектот се очекува да биде во висина од 50-60 милиони евра. Со тоа Владата на ВМРО-ДПМНЕ во РЕК Битола ќе инвестира над 300 милиони евра, ќе ги задржи сите постојни работни места во РЕК Битола и ќе го продолжи животниот век на овој наш највреден енергетски капацитет за нови 25 години.

### Топлификација на Новаци, Битола и Могила

Со оваа инвестиција ќе се реши проблемот со греењето на жителите на општините Новаци, Битола и Могила, како и заштеда на електрична енергија која сега се троши за греење. Општината со поддршка на општина Битола, Владата на РМ и АД ЕЛЕМ, веќе отпочнаа активности за реализација на деценискиот проект за топлификација на Битола, Новаци и Могила преку искористување на топлинската енергија на РЕК-Битола.

Рок: континуирано, а во согласност со динамиката на проектот предводен од општина Битола

### Проект „Електрификација на селата“

Во наредниот четиригодишен период, општина Новаци ќе преземе неколку проекти за електрификација на с.Брник и с.Груништа. Општината ќе се залага за што поскоро

реализирање на овој проект, за што ќе иницира соработка со ЕВН со цел да бидат договорена динамика за реализација на овој проект.

Рок на реализација: континуирано

### Проект „Развој на обновливи извори на енергија“

Во новиот мандат ќе се насочиме кон поголем развој на обновливите извори на енергија. Општина Новаци во соработка со експерти и заинтересирани инвеститори ќе изработи студија за поставување на ветерници на територијата на општина Новаци и ќе им ги овозможи сите услови во рамки на своите надлежности на веќе заинтересираните странски инвеститори за изградба на фотоволтаични електрани на територијата на општина Новаци. Досега постои голема заинтересираност за инвестирање во фотоволтаични електрани, особено бидејќи Новаци е општина со најголем број сончеви денови во годината.

Исто така, општината ќе ја поддржува и изградбата на мали хидроелектрични централи на територијата на општината, како определба на локалната власт во насока на развојот на обновливите извори на енергија.

Рок на реализација: 2016

### Проект „Производство на флаширана вода за пиење“

Во рамките на своите надлежности, општина Новаци ќе ги презентира ресурсите на општината, особено во делот на искористување на водните ресурси за производство на флаширана вода за пиење. Во соработка со Владата на Република Македонија ќе започнеме за мариовскиот регион ќе се разгледа можноста да се даде концесија на реката Коњарка за изградба на капацитет за производство на вода за пиење.

Рок на реализација: 2014 – 2017

# УРБАНИЗАМ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

Изработката на урбанистички планови за селата во општина Новаци е еден од основните приоритети. Наши проекти од областа на **Урбанизмот** се следните:

### Урбанизацијана поголемите села и подготовка на УП за индустриски капацитети на територијата на општина Новаци, односно за оние за кои досега истото не е направено

Ќе бидат изработени урбанистички планови за следните села: Далбеговци, Горно Агларци, Долно Агларци, Добромири, Рибарци, Гермијан, Бач, Живојно, Арматуш, Орехово, Брод, Градешница и Зовиќ.

Ќе се развиваат и урбанистички планови за индустриски капацитети и урбанистички планови во и надвор од населените места од општината.

Рок на реализација: континуирано

### Легализација на бесправно изградени објекти

Исто така, во новиот мандат ќе продолжиме со процесот на легализација на бесправно изградените објекти на територијата на општина Новаци. Во таа насока, ги покануваме граѓаните да се вклучат активно во финализирањето на потребната документација, да ја достават истата во најкраток можен рок.

Рок : континуирано

**ЖИВОТНА СРЕДИНА**

Здравата животна средина е нужен предуслов за живот и за подигнување здрави поколенија. Наши основни мерки поврзани со заштита на животната средина се

превенцијата од непрописното постапување со отпадот и шутот, превенцијата од создавање кризни жаришта од кои може да се развијат болести што ги загрозуваат здравјето и животот на граѓаните, едукацијата на граѓаните за придобивките на здравата животна средина, подигнувањето на граѓанската свест и етичност, како и остро санкционирање на лицата и субјектите кои ќе извршат загадување на средината во која живееме. Токму затоа го формиравме **Заедничкото јавно комунално претпријатие „Пела Хигиена“** кое го собира сметот од домаќинствата и фирмите на територијата на општина Новаци и општина Могила, и истото се одлага на регионалната депонија Мегленци, додека не се изгради регионалната депонија.

Нашите најважни проекти, во функција на **заштита на животната средина** во следниот четиригодишен период ќе бидат:

**Чистење на дивите депонии (градежен и комунален отпад)**

Дивите депонии во одредени села ќе бидат исчистени и дислоцирани од страна на општината. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината.

Рок на реализација: континуирано.

**Изнаоѓање на концесионер за изградба на депонија во Југоисточниот регион на Македонија**

Со реализација на овој проект ќе се воспостави интегриран систем за управување со отпад во Југоисточниот регион. Системот вклучува изградба на регионална депонија и пропратна инфраструктура за третман на комунален цврст отпад, како и инвестирање во механизација за собирање и транспорт на сметот. Со изградбата на депонијата цврстиот отпад од општина Новаци ќе се сместува на нова локација каде соодветно ќе се третира и ќе се спречи досегашното загадување на животната средина. За изградба на депонијата потребни се 35-40 милиони евра што ќе биде инвестиција на концесионерот. За спроведување на постапката за избор на концесионер и подготовка на техничка документација обезбедени се 4,3 милиони денари донација од Владата на Италија и 2,5 милиони денари од Буџетот на Република Македонија.

Рок на реализација: 2014–2016

Откако ќе биде изградена регионалната депонија, ќе се пристапи кон:

**Современ начин на собирање на отпадот**

Тоа подразбира селективно собирање, примарно собирање и подготовка за транспорт на мобилни и стационирани претоварни станици, транспорт до депонија, секундарно сепарирање, компостирање, спалување и неутрализација, депонирање и рециклажа и повторна употреба на најголем дел од отпадниот материјал.

**Проект „Нула толеранција за дивите депонии“**

Проектот е замислен така што во секое населено место ќе се одреди локација каде би можело да се депонира отпадот. Во ваквата акција да се вклучат сите фирми кои се занимаваат со ваквата дејност како и сите фирми и граѓани кои се во состојба да помогнат за целосна реализација на акцијата. Исто така, преку јавен оглас треба да се повикаат сите граѓани врз основа на доброволна работа да земат учество во реализацијата на проектот. По завршувањето на проектот да се информираат граѓаните за преземените активности за секоја средина.После тоа инспекциската служба да врши редовна контрола, а во случај на непочитување на прописите да се спроведуваат законските санкции.

Рок на реализација: континуирано

### Отстранување на старите и хаварисани возила кои подолго време се присутни на јавните површини

Ќе продолжиме и понатаму со грижата за животната средина со тоа што ќе вршиме отстранување на старите и хаварисани возила од јавните површини.

Рок на реализација: континуирано

### Акции за пошумување на околината на општина Новаци

Со овој проект предвидени се акции за пошумување на околината на општина Новаци, планирани во соодветна временска рамка. Проектот ќе се реализира соодветно расположливите ресурси и буџет на општината. Средства ќе ги обезбеди општината, во соработка со училиштата, невладиниот сектор и Владата на РМ.

Рок на реализација: континуирано

### Пошумување на заштитни појаси околу рударскиот комбинат

Ќе бидат преземени чекори од страна на општината за пошумување и оформување на зелен појас околу комбинатот РЕК „Битола“ и рударскиот коп во Брод. Со ова ќе бидат заштитени жителите на општината и земјиштето од околните села од наноси на јагленова прашина. Оваа активност ќе биде реализирана во соработка со РЕК „Битола“.

Рок на реализација: 2013 - 2016

# КОМУНАЛНИ РАБОТИ

## ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ

Општината прави напори во сите места да се изградат водоводи и да се обезбеди чиста вода за пиење на локалното население од општина Новаци. Наши приоритети се :

### Проект „Реконструкција на водоводна мрежа во с. Далбеговци“

Со проектот е предвидена изградба на доводен (главен) цевковод и секундарна водоводна мрежа со вкупна должина од 2,353 км, со потребен број на распределителни шахти. Вредноста на проектот е 1.333.871 денари, при што средствата ќе бидат обезбедени од Европската инвестициона банка.

Рок на реализација: 2013

### Проект „Реконструкција на водоводна мрежа во с. Горно Агларци“

Со проектот е предвидена изградба на (главен) цевковод и селска водоводна мрежа со вкупна должина од 4,240 км со потребен број на распределителни шахти. Вредноста на проектот е 2.214.389 денари, при што средствата ќе бидат обезбедени од Европската инвестициона банка.

Рок на реализација: 2013

### Проект „Реконструкција на водоводна мрежа во с. Долно Агларци“

Со проектот е предвидена изградба на (главен) цевковод и селска водоводна мрежа со вкупна должина од 2,157 км со потребен број на распределителни шахти.Вредноста на проектот е 1.277.262 денари, при што средствата ќе бидат обезбедени од Европската инвестициона банка.

Рок на реализација: крај на 2013 година.

**Проект „Изградба на цевковод за водоснабдување на населените места Брод, Живојно и Добровени“**

Со овој проект се предвидува доводен цевковод од бунар од рудничкиот коп „Брод – Гнеотино“, изградба на пумпна станица 1 во с.Брод, потисен цевковод од пумпна станица 1 до с.Живојно, изградба на пумпна станица 2 во с.Живојно, изградба на потисен цевковод од пумпна станица 2 до постоечки резервоар за вода во с.Живојно, изградба на распределителна шахта и прекидна комора со доводен цевковод до с.Добровени.

Поради големата висинска разлика помеѓу селата Брод и Живојно предвидена е изработка на две пумпни станици.

Вредност на проектот е 179.185,00 евра, а средствата ќе бидат обезбедени од Европската инвестициона банка.

Рок на реализација: крај на 2014 година.

**Детална реконструкција на водоводните системи „Пет чешми“ за Градешница – Старавина – Будимирци – Зовиќ**

Со овој проект ќе се овозможи целосна реконструкција на системот за водоснабдување на овие села. Средствата за реализација изнесуваат 2.500.000 денари, а ќе бидат обезбедени од буџетот на општината.

Рок на реализација: 2013

**Изградба на водовод во с. Паралово**

Ќе се преземе водата од локален извор и ќе се изгради водовод во с.Паралово. Средствата за реализација изнесуваат 1.300.000 денари, а ќе бидат обезбедени од општината.

Рок на реализација: 2014

**Изградба на мини акумулации во селата: Брод, Арматуш, Грумази, Орле, Долно Орехово, Мегленци, Маково, Рапеш, Тепавци и во Старавина**

Овие мини акумулации ќе служат за собирање на вода, а се наменети за напојување на стоката. Средствата за изградба на мини акумулациите изнесуваат 2.500.000 денари, а ќе бидат обезбедени од буџетот на општината.

Рок на реализација: 2013-2014

## КАНАЛИЗАЦИСКИ СИСТЕМИ

**Проект „Изградба на фекална канализациона мрежа во населено место Бач“**

Во моментот низ с.Добромири не постои канализациона мрежа, така што отпадните води истекуваат слободно по површината на теренот, а дел од отпадните води се прифаќаат во примитивно изградени септички јами без прелив. Таквата состојба претставува потенцијален извор на епидемиолошки заразни заболувања кај населението. Фекалната канализациона мрежа е предвидена да биде од сепаративен тип, без прифаќање на атмосферските води. Сите отпадни и фекални води ќе се прифаќаат преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори и понатаму до пречистителна станица. Вредноста на проектот е 5.232.943 денари Извори на финансирање – Буџет на Република Македонија и меѓународни финансиски институции.

Рок на реализација: прва половина на 2015 година.

**Проект „Изградба на фекална канализациона мрежа во населено место Добромири“**

Во моментот низ с. Добромири не постои канализациона мрежа, така што отпадните води истекуваат слободно по површината на теренот, а дел од отпадните води се прифаќаат во примитивно изградени септички јами без прелив. Таквата состојба претставува потенцијален извор на епидемиолошки заразни заболувања кај населението. Фекалната канализациона мрежа е предвидена да биде од сепаративен тип, без прифаќање на атмосферските води. Сите отпадни и фекални води ќе се прифаќаат

преку секундарна мрежа и ќе се собираат во колектори и понатаму до пречистителна станица. Вредноста на проектот е 131.869 евра, а средствата ќе се обезбедат од меѓународни финансиски институции.

Рок на реализација: крај на 2014 година

**Изградба на канализациски мрежи и пречистителни станици во селата: Далбеговци, Горно Агларци, Долно Агларци, Живојно, Рибарци, Брод, Гнеотино, Гермијан и во Градешница**

Општината во соработка со консултанти ќе изработи проекти за изградба на канализациските мрежи и пречистителните станици во следните села од општина Новаци: Далбеговци, Горно Агларци, Долно Агларци, Живојно, Рибарци, Брод, Гнеотино, Гермијан и во Градешница. Финансиската рамка комбинирано ќе биде обезбедена од Министерство за животна средина, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за транспорт и врски, ЕУ фондови, буџетот на општината и од донации.

Рок на реализација: 2013 – 2017

**Изградба на брана на река Елешка и одводни канали во должина од 5 км и наводнување на Новачко поле**

Во новиот мандат ќе биде реализиран овој проект, со што ќе се овозможи наводнување на 3.000 хектари обработливо земјиште, а ќе ги опфати земјоделското земјиште во атарот на с.Гермијан, Бач и Брод. Ќе овозможи префрлување на системот за наводнување од Стрежево преку река Црна во Новачко поле (ќе се опфатат селата Долбеговци, Горно Агларци, Долно Агларци, Добромири, Новаци, Рибарци, Гнеотино).

Рок на реализација: континуирано секоја година, 2014-2017

**Изградба на газилиште на река Елешка**

Со овој проект предвидена е изградба на газилиште на реката Елешка.Вредноста на проектот е 1.300.000 денари. Извор на финансирање е буџетот од општината.

Рок на реализација: 2014 година

## УРЕДУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ

Заради зголемената фреквенција на сообраќај, ќе се засили активноста околу уредување на тротоарите во населените места. Уредувањето на тротоарите, од безбедносен аспект, е врвен приоритет на сите правци. На сите места и улици каде што има основа за зголемување на безбедноста на пешаците преку изведба на соодветни тротоари, тие ќе бидат реализирани во следниот четиригодишен мандат на локалната самоуправа предводена од ВМРО – ДПМНЕ.

Во следниот четиригодишен период, согласно расположливите средства од буџетот, ќе се направи и партерно уредување во сите села на територија на Општина Новаци.

Се планира исто така и **поставување на автобуски постојки** со настрешници во најфрекфентните населени места од општината, односно каде што има меѓуградска линија. Оваа активност на општина Новаци ќе продолжи и во иднина.
Рок на реализација: континуирано

## УРЕДУВАЊЕ НА ПАРКОВИ И НОВИ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

Квалитетот на животната средина и природата се огледало на секоја држава, на секој град, секоја општина. Преку нивно негување, се создаваат услови за здрав живот на сите граѓани. Во изминатиот период беше направено партерно уредување на површини во неколку села во општина Новаци, а тоа ќе продолжи и во иднина. Планирано е

хортикултурно уредување на парцели и површини покрај пешачки патеки со зимзелени и листопадни дрвја и други цветни растенија. Средствата ќе ги обезбеди општината.
Рок на реализација: континуирано.

**УРЕДУВАЊЕ НА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ**

Уличното осветлување во општина Новаци во голем дел е реализирано и функционира беспрекорно и во наредниот период истото константно ќе се одржува. Во следниот четиригодишен период ќе се реализираат следниве проекти:

**Модернизирање и санирање на постојната улична инсталација за осветлување**
Продолжуваме со модернизација и менување на постоечките сијалици со штедливи.

Основна цел на проектот е подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните со подобрување на јавното осветлување како општо добро. Ова ќе се постигне со реконструкција на постојното осветлување со поставување на нови штедливи, современи, естетски и амбиентални светилки во општината.

Рок на реализација: континуирано

**Поправки на терен (за уличното осветлување)**
Општината ќе формира и мобилни екипи кои ќе вршат поправки на терен и замена на постоечките прегорени сијалици. Екипите ќе бидат задолжени за целосно одржување на уличното осветлување на селата во општина Новаци.

Рок на реализација: континуирано.

# ТРАНСПОРТ И ПАТНА ИНФРАСТРУКТУРА

- Реконструкција на локален пат с.Мегленци до с.Арматуш, во должина од 2490 m со вредност од 5,4 милиони денари, кој ќе биде завршен во првата половина на 2014 година (во соработка со Влада на РМ);
- Реконструкција на локален пат с.Зовиќ до Р-511, во должина од 4540 m со вредност од 21,2 милиони денари, кој ќе биде завршен во втората половина на 2013 година (во соработка со Влада на РМ);
- Реконструкција на локален пат с.Рибарци – с.Гнеотино, во должина од 4100 m со вредност од 18,8 милиони денари, кој ќе биде завршен во втората половина на 2013 година (во соработка со Влада на РМ);
- Реконструкција на локален патР1311 – с.Мегленци, во должина од 1500 m со вредност од 7,6 милиони денари, кој ќе биде завршен во првата половина на 2014 година (во соработка со Влада на РМ);
- Локалниот патен правец од с.Брод до Р-510 во должина од1.58km и вредност 7.4 милиони денари, кој ќе биде завршен во 2013 година (со средства обезбедени од ЕИБ);
- Изградба на локален пат с. Долно Орехово – с. Грумази во должина од 4,5 km и вредност 15 милиони денари, кој ќе биде завршен во периодот 2014 - 2016 година. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината, Агенција за државни патишта, донации, кредит и Програма за рурален развој);
- Санација и одржување на руднички коп кас с.Тепавци во должина од 3 km и вредност 2 милиони денари, кој ќе биде завршен во периодот 2013-2015 година. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината, Агенција за државни патишта, донации и Програма за рурален развој) и
- Санација и одржување на локален пат с.Грумази – с.Ивени во должина од 14 km и вредност од 4 милиони денари, кој ќе биде завршен во периодот 2013-2014 година.

Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината, Агенција за државни патишта, донации и Програма за рурален развој

- Со средства од локалната самоуправа и во соработка со Владата на Република Македонија, ќе биде направена санација и редовно одржување на следните локални патишта:
- Санација и одржување на локален пат с.Будимирци во должина од 2 km и вредност 2 милиони денари, а кој ќе биде завршен во периодот 2013-2014 година;
- Санација и одржување на локален пат с.Брод - с.Сливица во должина од 2 km и вредност 2 милиони денари, кој ќе биде завршен во 2013-2015 година;
- Санација и одржување на локален пат с.Груништа во должина од 4 km и вредност 2 милиони денари, кој ќе биде завршен во 2013-2015 година;
- Санација и одржување на локален пат с.Гнилеж во должина од 4 km и вредност 3 милиони денари, кој ќе биде завршен во 2013-2015 година;
- Санација и одржување на локален пат с.Брник во должина од 3 km и вредност 2 милиони денари, кој ќе биде завршен во 2013-2015 година;
- Санација и одржување на локален пат с.Брод-с.Велесело во должина од 3 km и вредност 2 милиони денари, кој ќе биде завршен во 2013-2014 година;
- Санација и одржување на локален пат с.Живојно - с.Совиќ во должина од 10 km и вредност 4 милиони денари, кој ќе биде завршен во 2013-2015 година;
- Санација и одржување на локален пат с.Брник-с.Ивени во должина од 7 kmи вредност 3 милиони денари,кој ќе биде завршен во 2013-2015 година;
- Санација и одржување на локален пат R-1311 до с.Паралово во должина од 7 kmи вредност 3,5 милиони денари,кој ќе биде завршен во 2013-2015 година;
- Изградба на локален пат с.Скочивир до манастирот Архангел Михаил во должина од 2 km и вредност од 7 милиоини денари, кој ќе биде завршен во 2014 година;
- Санација и одржување на локален пат од с.Зовиќ до манастирот во с.Чебрен во должина од 8km, кој ќе биде завршен во периодот 2013 -2016 година. Вредноста на проектот е 4 милиони денари;
- Добетонирање на десетиот канал во должина од 500 m и уредување на кејот на каналот во Новаци. Вредност на проектот е 5.000.000 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од Министерство за животна средина и општинскиот буџет.
  Рок на реализација: 2014 година
- Реконструкција на објектите на месните заедници во сите села на територијата на Општина Новаци, со средства обезбедени од општината, во износ од 5.000.000 денари.

Овој проект ќе се реализира во периодот 2013 – 2015 година, континуирано секоја година.

## АСФАЛТИРАЊЕ НА ОСТАНАТИ ПАТИШТА

Согласно со општинската програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици, секоја година и во секое населено место се тампонираат и асфалтираат улиците и локалните патишта. Ваквиот начин на работа ќе продолжи и во иднина, во новиот мандат на општинската администрација на општина Новаци.
Во просек ќе бидат асфалтирани 2,5 до 3km улици годишно. Извори на финансирање се буџетот на општината и средства од Агенција за државни патишта.

Рок на реализација: континуирано

## СООБРАЌАЈ

Со цел подобрување на безбедноста на жителите од општина Новаци, ќе спроведеме активности за подобрување на инфраструктурата и условите во сообраќајот. Во таа насока, во следниот четиригодишен период ќе се поставаат **регулатори на сообраќајот**

**или т.н. „легнати полицајци“** на улиците во општината. Средствата потребни за реализација на овој проект изнесуваат од 2.000.000 денари, ќе бидат обезбедени од буџетот на општината.
Рок на реализација: 2013 – 2014 година.

Приоритети во однос на сообраќајот се: овозможување брз и непречен сообраќај на возила, обезбедување услови за сигурност и безбедност на учесниците во сообраќајот, како и искористување на сообраќајот за развој на економијата.

Потребна е подобра организација на локалниот превоз на патници за да се овозможи проширување на обемот и квалитетот на услуги.
Ќе ја разгледаме можноста за формирање Јавно претпријатие за превоз на патници и давање под концесии линии за превоз на патници до повеќе населени места во Општината.

# ОБРАЗОВАНИЕ

### Проект „Реконструкција на основни училишта“

Заради обезбедување на квалитетни просторни услови за одвивање на настава во основните и средните училишта, ќе реконструираме дел од училишната инфраструктура во општина Новаци. Ќе извршиме реконструкција на подрачните училишта на ОУ „Славко Лумбарковски“ во селата: Горно Агларци, Добромири, Гермијан, Бач, Живојно, Рапеш и Рибарци. Средствата ќе бидат обезбедени од општината и меѓународни донатори.
Рок на реализација: 2013 – 2014

### Проект „Изградба на монтажни училишта”

Ќе изградиме едно монтажно училиште во село Далбеговци, со цел да се подобрат условите за настава за учениците од ова населено место.

Изградбата на ова училиште резултираше од потребата на родителите на децата од Далбеговци, да одат на училиште во својата општина, бидејќи досега наставата за овие деца се одвиваше во општина Могила. (со поддршка на Владата на Република Македонија).

Рок на реализација: декември 2015

### Проект „145 спортски сали”

Со цел поттикнување на правилен физички развој и поттикнување на спортскиот и натпреварувачкиот дух кај младите, ќе изградиме спортска сала во ОУ „Славко Лумбарковски“ во Новаци.

Со изградбата на спортските сали низ целата територија на Македонија им овозможуваме на сите оние што сакаат да се занимаваат со спорт, а досега немале соодветни услови, да можат да спортуваат. Ова е најдобар начин за градење на спортски дух кај младите и реализирање на нивните спортски таленти. (Проектот ќе се реализира со поддршка на Владата на Република Македонија).

Рок на реализација: јули 2015 година.

### Опремување на училиштата и училишните кабинети

Во насока на обезбедување на квалитетна практична настава, ќе ги доопремиме училиштата со потребните наставни материјали и алатки (со поддршка на Владата на Република Македонија).

Рок на реализација: континуирано

**Разгледување на можноста за отворање на подрачни паралелки од битолските средни училишта за учениците на општина Новаци, со стручни насоки во земјоделската и техничката област.**

Локалната власт ќе ја разгледа можноста за отворање на подрачни паралелки од битолските средни училишта, со стручни насоки во земјоделската и техничката област. Целта е да им се овозможи на учениците на општина Новаци да добијат стручно средно образование во својата општина.

Исто така, локалната власт ќе ја разгледа и можноста за отворање на дисперзирани студии во земјоделската и биотехничката област.

Рок на реализација: 2014-2017

**Проект „Професионална ориентација"**

Проектот предвидува формирање на стручно советувалиште во општинта за планирање на кариера. Претставниците од ова советувалиште ќе бидат вклучени во изработка на образовни планови и програми. Ова советувалиште ќе има за цел да им дава консултации и совети на учениците од завршните одделенија во сите средни училишта со цел подобрување на нивнот професионален развој, а во него ќе учествува експертски тим сочинет од педагози, психолози, наставници, претставници од Агенцијата за вработување, професори, кои ќе разговараат со учениците за нивната визија за идно вработување, а со цел на тој начин да се потврдат нивните очекувања и размислувања за пазарот на трудот. Проектот од една страна ќе им помогне на младите да го препознаат својот сопствен капацитет, додека од друга страна, локалната администрација ќе ги има потребните информации кои ќе може да ги искористи за развивање на своите политики за отворање на нови работни места кои ќе се усогласат со тековните потреби на општината.

Рок на реализација: континуирано

**Бесплатен интернет во училиштата**

Ќе обезбедиме средства со кои и во иднина ќе се обезбеди бесплатен интернет во сите основни училишта.

Рок на реализација: континуирано

# ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Модернизација на инфраструктурата преку реализација на проекти за реконструкција, доградба и адаптација на Јавните здравствени установи, како и обезбедување услови за стручно усовршување на здравствените работници и здравствени соработници од здравствената станица во Новаци.

Во соработка со Владата на Република Македонија наша определба во општина Новаци ќе биде секој граѓанин да добие квалитетна здравствена заштита. Граѓаните на Новаци ќе имаат пристап до поевтини лекови со дополнителни намалување на цените на лековите, пензионерите од нашата општина доколку нивната пензија е пониска од просечната во Република Македонија ќе имаат пристап до бесплатно болничко лекување.

**Реконструкција на амбулантата во с. Градешница**

Средствата за реализиацција на овој проект ќе ги обезбеди општината ви соработка со Владата на Република Македонија.

Овој прокет се реализира во периодот од 2013-2017 година.

### Реконструкција на амбулантата во с. Маково

Средствата за реализација на овој проект ќе гиобезбеди општината, во соработка со Владата на Република Македонија.

Овој проект ќе се реализира во периодот 2013 – 2017 година.

### Отворање на амбуланта во с.Бач

Заради потребите на населението од пограничниот регион се планира реконструкција на постоечкиот објект-амбулантата во с.Бач и негово ставање во функција. Средствата за реализација на овој проект ќе ги обезбеди општината, во соработка со Владата на Република Македонија.

Овој проект ќе се реализира во периодот 2013 – 2017 година.

### Кампања во Општина Новаци за рано спречување на рак на матка и дојка

Во соработка со стручни лица ќе се организираат трибини на кои пред засегнати групи ќе се презентира потребата од превенција и рано откривање на рак на матка и дојка. Исто така на овие трибини ќе се презентира можноста за бесплатна ХПВ вакцина за спречување на ракот на матката кај женската популација и скрининг на матка и дебело црево.

Рок на реализација: континуирано

### Бесплатни здравствени превентивни прегледи

Општина Новаци, во соработка со Министерството за здравство ќе организира пунктови за проверка на холестерол, гликемија во крв и ќе се грижи за навремено информирање на населението од нашата општина за можноста за бесплатни прегледи. На пунктовите ќе се делат брошури и материјали за промоција на здрав начин на исхрана и стил на живеење. Прегледите ќе ги вршат медицински екипи, а целта на оваа акција е поттикнување на свеста кај населението за потребата од навремени превентивни прегледи и редовна контрола на своето здравје.

Рок на реализација: континуирано

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ПРЕВЕНЦИЈА

- Социјализација на најмладите и нивно згрижување во предучилишните установи. ВМРО-ДПМНЕ ќе се залага за подобрување на условите за престој на најмладите во **игротеката „БАМБИ“** која **ќе настојуваме да биде транформирана во детска градинка;**
- Обезбедување на достоинствен живот на старите лица преку развој на сервисни служби за нив;
- Ширење на мрежата на институционални и вонинституционални облици за социјална заштита на лицата со инвалидност, децата без родители и родителска грижа, како и децата во социјален ризик и
- Обезбедување на превенција од можни социјални ризици.

### Проект „Отворање на дисперзирано Одделение на ЦСР во Општина Новаци“

Ќе овозможиме достапност на правата и услугите за социјално ранливите групи на територија на општина Новаци со што ќе се намали ризикот од нивно социјално исклучување во општествената средина и нивна полесна социјална интеграција преку системот на социјална заштита.

Рок на реализација: 2014 година

### Изградба на пензионерски дом во Општина Новаци

Општина Новаци активно ќе бара инвеститор за изградба на Дом за стари лица во општината и ќе подготви студија за јавно-приватно партнерство, како би се реализирал

овој проект и истиот ќе се реализира во зависност од заинтересираноста на потенцијалните инвеститори. Со изградбата на пензионерскиот дом, ќе се овозможи сместување, згрижување и достоинствен живот на старите лица.

Рок на реализација: 2013 - 2016

**Отворање на народна кујна**

Во општина Новаци ќе отвориме народна кујна со цел да им помогнеме на социјално загрозените лица, кои се постојани корисници на социјална помош.

Рок на реализација: 2014

**Обезбедување училишен прибор за децата од основно и средно образование на најзагрозени семејства**

Општина Новаци ќе обезбеди училишен прибор за децата од основно и средно образование на најзагрозените семејства, корисници на социјална помош, на почетокот на секоја учебна година и новогодишни пакетчиња по повод новогодишните празници. Средствата во износ од 100.000 денари годишно, се од буџетот на општината.

Рок на реализација: секоја година.

**Еднократна парична помош на семејства погодени од елементарни катастрофи**

Ќе продолжиме да обезбедуваме еднократна парична помош за семејства од општина Новаци, погодени од елементарни катастрофи. Средствата се обезбедуваат од Буџетот на општина Новаци.

Рок на реализација: според потребите.

**Формирање на спомагателна каса за чие формирање советниците во Советот на Општина Новаци и државната администрација во општина Новаци од своите плати ќе издвојуваат средства секој месец**

Со цел да им помогне на социјално загрозените граѓани на општина Новаци, општинската админстрација ќе формира т.н. **спомагателна каса** преку издвојување на еден дел од сопствените лични приходи.

Рок на реализација: 2013

**Соработка со АВРМ за навремено информирање на невработените лица за можностите за самовработување и поволностите од другите активни мерки за вработување**

Општина Новаци во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе се залага за навремено информирање на невработените лица за можностите, уловите и средствата кои ги нуди државата со спроведување на активните мерки за вработување, кредитите за самовработување и зголемување на бројот на вработените во фирмите, како и за можностите за обуки, преквалификации и доквалификаци на невработените лица од општина Новаци, со цел зголемување на нивната вработливост.

Рок на реализација: континуирано

**Развивање на постоечкиот инфо – портал наменет за невработени лица од ранливите категории на граѓани**

Целта на проектот е да се зголеми протокот на информации меѓу засегнатите групи граѓани и компаниите кои нудат работа на пазарот на труд, што ќе резултира со зголемување на бројот на вработени лица од ранливите групи на граѓани како резултат на користење инфо-порталот.

Рок на реализација: континуирано

**Пристапни рампи за инвалидните лица**

Инвалидните лица имаат право на физички пристап до јавните институциите на локално ниво, детските градинки, училиштата, здравствените установи и другите институции кои им се неопходни за елиминирање на социјалните бариери и целосен независен и интегриран живот во заедницата. Затоа општина Новаци ќе изгради пристап до сите јавни институции и установи низ општината, со цел овозможување на инвалидизираните лица непречено движење. Со изградба на пристапните рампи се премостува хендикепот и се овозможува достапна средина за лицата со посебни потреби во сите сфери на општественото живеење.

Рок на реализација: 2014 – 2017

**Проект до самопомош „Патролни социјални работници“**

Ќе ја прошириме оваа форма на социјална работа преку посебни тимови на Центарот за социјална работа, локалната самоуправа на општината и Црвениот крст на Република Македонија, кои ќе се посветат на обезбедување полесен пристап на таргетираните ранливи групи во системот на социјална заштита и нивен влез на пазарот на труд.

Рок на реализација: 2013

**Проект „Благосостојба за сите граѓани –тоа е наша обврска, а ваше право“**

Локалната самоуправа има важна улога да им ги доближи на граѓаните институциите на системот за заштита и мерките кои ги нуди државата за нивно вработување.

**ВМРО – ДПМНЕ се залага за благосостојба на сите граѓани.**

Општинската администрација преку трибини, лични средби и посети во домовите на граѓаните ќе го јакне нивниот дух да аплицираат за вработување преку активните политики за вработување. Локалната самоуправа е линкот помеѓу граѓаните и јавните институции за остварување на нивните права.

Рок на реализација: континуирано

**Проект „Бесплатен превоз за инвалидните лица како рамноправни граѓани во локалната заедница“**

Бесплатниот превоз е само чекор напред во остварувањето на политиката на ВМРО - ДПМНЕ во осамостојувањето на лицата со попреченост за беспрекорно функционирање во социјалната средина. Со користење на јавниот превоз се зголемува мобилноста на инвалидните лица како рамноправни граѓани, а бенефит има целокупното општество во целина. Бесплатниот превоз подразбира активирање на лицата со попреченост и искористување на нивниот потенцијал во целост. Локалната самоуправа ја има клучната улога да им обезбеди на своите граѓани пристојно живеење кое подразбира слободно и непречено движење при задоволување на основните човекови потреби.

Рок на реализација: континуирано

**Проект „Биди Волонтер “**

Целта на овој проект е да се промовира волонтерската работа помеѓу младите луѓе во рамките на постојната законска регулатива. Тоа ќе се постигне преку низа активности со кои на младите ќе им бидат истакнувани предностите на волонтирањето. Врз основа на добиените сознанија од претходно спроведеното истражување на јавното мислење помеѓу младите од средните училишта во повеќе градови, ќе се спроведе кампања за подигнување на јавната свест за можностите и предностите за вклучување во волонтерската работа.

Рок на реализација: континуирано

# ЗЕМЈОДЕЛСТВО

## Сет мерки – Информиран и образован земјоделец

Во општина Новаци ќе примениме сет мерки за подобрување на знаењето и квалификациите на земјоделските производители, преку:

- Зајакнување на институционалните врски на истражувачките институци од областа на земјоделството со советодавните служби за пренос на технологии и информации формирани во општината и организирање на стручни предавања, како и трансфер на нови достигнувања и знаења од факултетите непосредно во пракса. Ќе ја продолжиме и соработката со Агенцијата за развој и поддршка на земјоделството, досега агенцијата има отворено подрачна канцеларија во општината, каде што земјоделците се информираат во секое време;
- Неформално образование и усовршување на земјоделците за клучни стручни активности поврзани со земјоделското производство, но и за економски активности со кои треба да располагаат (преработка и маркетинг на земјоделски и производи наменети за модернизација на технолошката и пазарната инфраструктура, зголемување на додадената вредност на прехранбени производи и постигнување усогласеност состандардите за квалитет, здравје, безбедност на храна и стандарди на животна средина на ЕУ);
- Зајакнување на соработката со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и информираноста за Повеќегодишната програма за субвенционирање на земјоделското производство и информирање на земјоделците за активностите кои се предвидуваат;
- Навремено информирање за аплицирање на огласите за добивање на земјиште во државна сопственост;
- Следење на законската регулатива поврзана со земјоделското производство и благовремено информирање на земјоделските производители за обврските кои произлегуваат од истата.

Рок на реализација: континуирано

## Трибини за добри земјоделски практики

Општина Новаци ќе продложи да организира трибини на кои ќе бидат поканети истакнати успешни земјоделци кои низ дискусија со присутните земјоделци ќе го презентираат сопственото искуство во конкретна земјоделска област. На трибините се предвидува и непосредно советувања за употреба на добри земјоделски и хигиенски практики за земјоделците, сточарите за подобрување на квалитетот на млекото, производството на месо и подобрување на приносот во полјоделските култури.

Рок на реализација: континуирано

## Поддршка за искористување на ИПАРД средствата

Со цел зголемувањето на искористувањето на средствата од програмите за финансиска поддршка и ИПАРД, како и олеснување на пристапот на земјоделците од општина Новаци до средства со кои ќе можат да го прошират сопственото производство, општината ќе организира советувања за земјоделците со преставници од Министертвото за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството и други експерти.

Дополнително, ќе обезбедиме поддршка во формирање на машински прстени за заедничко користење на механизација на земјоделците поддржани од програмите на Владата на Република Македонија и ИПАРД.

Рок на реализација: континуирано

**Проект: „Полски пат“**

Со изградба на повеќе полски патчиња во населените места од општина Новаци, значително ќе се олесни пристапот на земјоделците до обработливите површини. Општината ќе се залага да се обезбеди проодност до обработливите површини во сите села од општина Новаци.

Рок на реализација: 2013–2017 година

**Изградба на системи за технолошка вода**

Заради подобрување и олеснување на условите за работа на земјоделците, новата општинска администрација ќе изградат системи за системи за технолошка вода, пред се на релација Гермијан – Бач, а ќе се утврдат и а дополнително ќе се утврдат следните приоритети во соработка со месното население.

Рок на реализација: континуирано до 2017 година.

**Изработка на студија за технолошка вода**

Ќе биде изработена студија за технолошка вода за наводнување на Новачко поле за земјоделска површина од 5000 ха.

Рок на реализација: 2013 – 2017 година.

**Изградба на експолатациони бунари за наводнување на земјоделските површини во Новачко поле**

Предвидено е да се ископаат околу 20 бунари за експлоатација на вода, кои ќе служат за наводнување на обработливите површини. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината.

Рок на реализација: 2013 – 2014 година.

**Прочистување на каналите**

Продолжуваме со редовно прочистување на одводните и доводните канали покрај Црна река, низ Новачко поле. Средствата во износ од 6.000.000 денари ќе бидат обезбедени од Министерство за животна средина и буџетот на општината.

Рок на реализација: континуирано

**Изградба на атмосферска канализација**

Ќе биде изградена атмосферска канализација во повеќе села од општина Новаци, онаму каде што има потреба.

Рок на реализација: континуирано

**Изградба на откупни центри, преработувачки капацитети и мини млекари**

Со овој проект се предвидува објавување на локации за изградба на откупно-дистрибутивни центри за земјоделски производи, со што ќе се подобри пласманот на земјоделските производи во општината и ќе се овозможи поквалитетна понуда за потрошувачите.

Рок на реализација: 2013 – 2017 година.

**Поддршка на иницијативите за започнување на нови сточарски бизниси**

Општината особено ќе ги поддржи иницијативите за започнување на нови сточарски бизниси во делот на говедарството, овчарството и козарството. Општината ќе обезбеди првенствено водопоила за напојување на стоката, помош околу подготовката на потребната документација со која се аплицира за користење средства од ИПА програмите и давање бесплатна едукација за сточарите кои сакаат да започнат свој бизнис.

Рок на реализација: 2013 – 2017 година

**Поддршка на формирање на земјоделски задруги**

Општината ќе го поддржи формирањето на земјоделските задруги, зарадиподобрување на статусот на ситните земјоделци на пазарот и подобрување на пласманот на нивните производи во насока на обезбедување на основни услови за работа и функционирање.

Рок на реализација: континуирано.

**Промоција и популаризација на развојот на органското производство, собирањето и третманот на самоникнатите растенија**

Органското производство, шумските плодови, чаеви и другите самоникнати растенија со кои изобилува Новачкиот регион, се сè повеќе барани на пазарот. Оттаму, општина Новаци во соработка со претставници на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ќе го промовира и популаризира органското производство.

Рок на реализација: континуирано

**Водопоило во с. Гермијан**

Во наредниот период ќе направиме водопило во с.Гермијан. Средствата во износ од 600.000 денари ќе бидат обезбедени од Бирото за регионален развој, општината и буџетот на Република Македонија.

Рок на реализација: 2014 – 2015

# СПОРТ И МЛАДИ

**Изградба на ракометни игралишта - во с.Бач и с.Долно Агларци**

Со цел развој на масовниот спорт и спортот за сите, во соработка со Владата на Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт ќе се изградат две ракометни игралишта кои ќе бидат ставени на располагање на сите граѓани за спортување, рекреирање и за натпреварување. Игралиштата ќе може да се користат деноноќно и ќе бидат место за собирање и дружење на младите генерации, како и основа за создавање на здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење. Средствата ќе бидат обезбедени од општина Новаци.

Рок за реализација: 2013 – 2014

**Изградба на повеќенаменско спортско игралиште – во соработка со Владата на Република Македонија и Агенцијата за млади и спорт**

За развој на масовниот спорт и спортот за сите, најдобар начин да се создадат услови е преку изградбата на повеќенаменските игралишта. Повеќенаменските игралишта ќе бидат ставени на располагање на сите граѓани за спортување, рекреирање и за натпреварување. Игралиштата ќе можат да се користат деноноќно и ќе бидат место засобирање и дружење на младите генерации, како и основа за создавање на здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење.

Во новиот мандат ќе изградиме повеќенаменско спортско игралиште во Новаци. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината, со поддршка од Владата на РМ.

Рок на реализација: 2013– 2015

**Инвестиции во спортската инфраструктура**

Согласно со буџетските можности на општина Новаци, ќе ги реализираме следните активности кои се однесуваат на одржување и развој на спортската инфраструктура:

- Опремувањеи одржување на отворените спортски терени, одржување на новоизградените игралишта.

Рок: континуирано;

- Осветлување на стадионот во с.Новаци (бидејќи ФК „Новаци“ игра во втора лига) Општината ќе направи напор во соработка со приватни спонзори, да обезбеди средства за поставување на рефлектори на стадионот во с.Новаци.

Рок: 2014;

- Реконструкција на спортските објекти каде што има фудбалски клубови, односно оградување на терените коишто ги користат фудбалските клубови од општина Новаци.

Рок: континуирано, во зависност од тоа каде ќе се јави потреба.

## Поддршка на спортски клубови и спортските сојузи

Постојните локални спортски клубови, како што се: ФК „Новаци 2005“ од с.Новаци, ФК „Новаци 2006“, ФК „Пелагонија“ од с.Добромири, ФК „Земјоделец“ од с.Горно Агларци, ФК „Граничар“ од с.Гермијан, ФК „Вазар“ од с.Рибарци, ФК „Вашерејца“ од с.Вашерејца и ФК „Кравари“ од с.Кравари, како и локалните спортски клубови кои ќе се основаат во иднина, ќе бидат поддржани согласно можностите, со средства од буџетот на општина Новаци. Притоа, ќе дадеме поддршка и на:

- **Сојузот на училишен спорт** за учество на државни првенства (доколку остварат пласман) и организација на спортски натпревари за ученици во основно и во средно образование во ракомет и кошарка;
- **Сојузот за спортска рекреација на инвалидизирани лица** за учество на државно првенство;
- **Општинскиот фудбалски сојуз,** преку организација на систем на лига натпревари во голем фудбал за пионери и организација на Финале куп за сениори;
- **Поддршка на традиционалниот меѓународен фудбалски натпревар, за деца родени во 2002 и 2003 година,** кој се одржува секоја година на 8 септември.

Рок на реализација: турнирите ќе се организираат секоја година

## Изградба на отворен базен во с.Новаци

Ќе изградиме уште едно место за спортување и рекреирање на граѓаните на општина Новаци. Затворениот базен ќе биде лоциран во спортско – рекреативниот комплекс, во кој покрај планираната изградба на повеќенаменското игралиште и спортската сала.

Финансиската рамка ќе биде обезбедена делумно со средства од општината, а ќе се бара активно и приватен инвеститор кој ќе го доразвие проектот и ќе го одржува базенот. Реализацијата ќе зависи од заинтересираноста на приватните инвеститори.

Рок на реализација: 2014 – 2016 година.

## Проект: Катастар на спортски објекти

Во општина Новаци во соработка со Агенцијата за спорт и млади ќе се направи евиденција на спортските објекти по содржина и степен на исполнетост на стандарди заради организирање на натпревари други првенства.

Рок за реализација: 2013 – 2014 година.

## Изградба на детски паркови со забавни реквизи во селата: Долно Агларци, Новаци, Бач, Живојно, Добромири и Рибарци

Во новиот мандат ќе изградиме детски паркови со забавни реквизити во селата Долно Агларци, Новаци, Бач, Живојно, Добромири и Рибарци, со што на најмладите ќе им создадеме нови катчиња за забава и рекреација. Реализацијата на проектот ќе ја финансира општината.

Рок на реализација: 2013 – 2014 година.

**Изготвување на локална младинска стратегија**
Целта на локалните младински стратегии е посеопфатно третирање на проблемите на младите и изнаоѓање на решенија за истите. Овој проект ќе се спроведува од страна на општината во соработка со Агенцијата за млади и спорт и невладините организации.

Рок на реализација: 2013 – 2017 година.

**Формирање на Локални совети за млади во општините**
Со формирање на Локалниот совет на млади ќе се постигне поголема вклученост на младите во одлучувачките процеси во општина Новаци. Во рамки на поддршката на локалните младински проекти, општината ќе обезбеди средства преку нејзиниот буџетот, со што ќе ги поттикне младите луѓе да бидат активни и да размислуваат и делуваат кон подобрување на средината и заедницата во која живеат.

Рок на реализација: 2013 година.

**Младински информативен центар**
Во Новаци ќе се формира Младински информативен центар, чија цел ќе биде едукација и информирање на младите, како и организирање на обуки за различни области, курсеви за странски јазици, семинари за превенција од заразни болести по сексуалното и репродуктивното здравје, предавања за ненеасилна комуникација при решавање на конфликти и друго.

Рок на реализација: 2014 година.

**Поттикнување и развој на претприемачкиот дух кај младите**
Ќе работиме на едуцирање на младите и давање помош при нивното професионално насочување, при што ќе се поттикнува претприемачкиот дух кај младите, со акцент на приватната иницијатива и можностите за самовработување.

Рок на реализација: континуирано.

**Трибини за подигнување на свеста кај младите за претприемништво**
Целта на трибините ќе биде на истите да се истакнат можностите за младите кои се создаваат преку развивање на претприемничката иницијатива. На трибините ќе се презентираат позитивните примери на успешни претприемачи и ќе се дискутира за поволностите кои ги нуди државата за започнување на сопствен бизнис.

Рок на реализација: 2013 – 2017 година.

**Кампања на локално ниво за борба против зависностите на 21 век-дрога, алкохол, цигари**
Преку системот на образование, но и преку одржување на трибини и водење кампањи во Новаци и населените места во општината, ќе се информираат младите за штетните последици од консумирање на наркотични средства и алкохол.

Рок на реализација: 2013 – 2017 година.

**Организирање доброволна крводарителска акција во која учество ќе земаат и спортистите**
Ќе продолжиме со организирање на доброволни крводарителски акции во општина Новаци во соработка со спортистите и Црвен крст, со цел давање на позитивен пример кај младите за подигнување на хуманитарната свест.

Рок на реализација: 2013 – 2017 година.

# ТУРИЗАМ

Изработка на физибилити студија за развој на алтернативен туризам и преземање на активности за промоција и поддршка на развојот на селскиот туризам во с. Мариово.

Ќе бидат поставени табли и патокази за да се одбележат сите позначајни природни реткости: водопади, реки, кањони и друго, како и сите историски знаменитости во општината. Потоа со туристички водич посетителите би се носеле да ги видат овие локации по означените патеки.

Исто така, ќе се издвојат средства за основање на туристички инфо центар, во кој обучен општински туристички водич ќе ги запознава туристите со знаменитостите на општината, нејзините економски капацитети како и со останатите информации кои го обликуваат карактерот на општина Новаци.

## Формирање туристичко биро

Со отварањето на туристичкото биро во општина Новаци ќе се овозможи активно промовирање на нашата општина како привлечна и интересна дестинација за туристички престој, навремено и квалитетно информирање на гостите-туристи во општината за понудата на локална и традиционална храна, сместувачките капацитети и туристичките локации. Средствата ќе ги обезбеди општината.

Рок на реализација: 2014

## Брошура со водич и карта на Општина Новаци

Освен тоа што за туристичка промоција на општината ќе се користат информатичките технологии, предвидуваме и подготовка на брошура со водич и карта на општина Новаци. Во истата ќе бидат означени позначајните културни настани, туристичките локалитети, сместувачките капацитети и капацитетите за исхрана, како и останати манифестации кои се одржуваат во нашата општина, а кои можат да бидат привлечни за туристите.

Рок на реализација: 2014

## Проект „Вмрежувањена етно – село од Македонија"

Продолжуваме со организација на вмрежување на неколку етно – село, различни региони во Македонија (Берово, Мариово, Вевчани, Брајчино, селата од Река, Зрновци и др.), со цел промоција на обичаите на автентичните македонски села и традиционалните фармерски обичаи на чување, производство и преработка на здрава храна.

Рок на реализација: континуирано

## Изградба на нови сместувачки капацитети по пат на јавно приватно партнерство

Ќе овозможиме изградба на нови сместувачки капацитети и оспособување и опремување на постоечките сместувачки капацитети во селата: касарната во Скочивир, Стравина, и Паралово. Преоктот ќе се реализира преку моделот на јавно приватно партнерство.

Рок на реализација: 2013 – 2016 година.

## Поставување на патокази и инфо табли во Новаци

Бидејќи од интерес на општината е посетителите на општина Новаци кои еднаш престојувале кај нас да изразат желба за повторно да нè посетат, од исклучително значење е првиот впечаток што ќе го добијат за неа. Лесното движење низ општината, но и низ останатите места е од исклучително значење за посетителите. Затоа ќе поставиме патокази и информативни табли на територијата на целата општина.

Рок на реализација: 2013-2015 година.

### Развој на руралниот туризам преку користење на европските фондови

Ќе го развиваме руралниот туризам преку користење на отворените линии од европските фондови, програмата ИПАРД за поттикнување и развој на овој вид туризам, со што ќе помогнеме да се развие инфраструктурата и да се задржи уникатноста на нашите рурални средини.

Рок на реализација: континуирано

### Општина Новаци со оригинална идеа за заживување на Мариово

За да го врати животот во Мариово, општина Новаци донесе одлука на сите оние кои сакаат да се вратат да живеат и работат во Мариово да им издаде општински згради без надомест на користење на долгорочен закуп од неколку децении.

## КУЛТУРА

- Негување и поддршка на традиционалните и современи вредности на селата од Општината, како и презентација на културата во странство, преку гостувања на КУД од Новаци;
- Достојно одбележување на настани и личности од нашето културно – историско минато, вклучувајќи спомен-обележја и
- Афирмација и стимулација на литературното творештво преку литературни конкурси–тематски одредени и насочени со дефинирани содржини;

### Поддршка за санација и доградба на цркви

Во рамките на своите законски надлежности општината ќе ја помага санацијата и доградбата на црквите во селата: Градешница, Старавина, Живојно, Гермијан, Бач. Средствата ќе бидат обезбедени од општината.

Рок на реализација: 2013-2014

### Поддршка за изградбана црковна сала во манастирот Мала Богородица во с. Новаци

Поради потребите на локалното население и на населението од регионот, во рамки на своите законски надлежности општината ќе ја помогне изградбата на црковна сала во манастирот Мала Богородица во с.Новаци.

Рок на реализација: 2013 година.

### Поддршка за реконструкција на црквата Св. Димитрија во с.Градешница

Ќе биде направена реконструкција на црквата Св. Димитрија во с.Градешница, која датира од 16-от век. Средствата во износ од 22.000 евра ќе бидат обезбедени од фондови на ЕУ.

Рок на реализација: 2013 година.

### Реконструкција на куќата на калеш Анѓа во с.Старавина и нејзино претворање во музеј

Со овој проект е предвидено куќата на калеш Анѓа да биде целосно реконструирана според типичната и единствена мариовска архитектура. Предвидено е да се обноват и амбарот и старата фурна која се наоѓа во дворот. Внатрешноста на куќата пак ќе биде направена во стар етно-стил и ќе служи како музејски простор. Вредноста на проектот е 45.000 евра, а средствата ќе бидат обезбедени од фондови на ЕУ.

Рок на реализација: 2013 година.

**Реконструкција на воденицата и мостот во с.Зовиќ**

Со цел развој на руралниот туризам и афирмација на убавините на Мариово, ќе биде направена реконструкција на воденицата и легендарниот мост кои се наоѓаат кај с.Зовиќ и се изградени во кањонот на Градешка река. Поради својата убавина, уникатност и прекрасната природа беше употребен и за снимањето на филмовите на Милчо Манчевски „Прашина". Со овој проект е предвидено да се реновираат разрушените делови на мостот и воденицата и да се зацврсти темелната конструкција на мостот. Вредноста на проектот е 27.000 евра, а средствата ќе бидат обезбедни од ЕУ фондови.

Рок на реализација: 2013 година.

**Реконструкција на културните домови во селата: Новаци, Добромири, Бач, Гермијан и Живојно**

Предвидено е во наредните четири години да биде извршена реконструкција на културните домови во селата: Новаци, Добромири, Бач, Гермијан и Живојно. Средствата ќе бидат обезбедени од општината.

Рок на реализација: 2013-2016

**Изградба на спомен обележје на Дедо Кољо Добровенски мариовско-лерински војвода**

Дедо Кољо Добровенски, мариовско–лерински војвода ќе добие свое спомен- обележје во општина Новаци. Со оглед на тоа што оттука потекнува овој голем војвода, во општина Новаци ќе биде подигнато спомен обележје во негова чест. Споменикот ќе биде висок два метра и четириесет сантиметри со постолје од околу три метра. Истиот ќе биде лоциран во делот на паркот во општина Новаци. Покрај споменик проектот вклучува и уредување на рекреативна зона со фонтана. Проектот е во вредност од 1.800.000 денари, а средствата ќе бидат обезбедени од општината и од Министерство за култура.

Рок на реализација: 2013 година.

**Редовно помагање на културните манифестации и културно уметничките друштва**

Секоја година општина Новаци ги финансира Пелагонисните културно–научни средби.Општината е главен покровител на овој настан и во наредниот период ќе продолжи со финансиската поддршка, која изнесува 60.000 денари.

Рок на реализација: континуирано, секоја година.

**Редовно помагање на сите активности на новоформираниот Културно иновативен клуб во општина Новаци**

Во општина Новаци неодамна е формиран првиот културно-иновативен клуб „Новаци "кој ќе биде посветен на развивање на културниот живот во локалната самоуправа. Формирањето на овој прв клуб од ваков вид во општината ќе овозможи поголем број млади луѓе да понудат креативни идеи и содржини од областа на културата, за што константно ќе се обезбедува соодветна поддршка и помош од страна на општината .

**Редовно помагање на сите жители на општина Новаци кои имаат афинитети кон убавиот пишан збор за издавање на книги**

## БЕЗБЕДНОСТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

- Следење на состојбата во реализацијата на донесените одлуки од Советот на општината кои се однесуваат на спречување на настанувањето и отстранување на последиците од природните непогоди и други несреќи и
- Редовно следење на акциите за расчистување на локалните патишта, улиците и другите инфраструктурни објекти во случај на настанување на природни непогоди

(поплави, лизгање на земјиште, град и др.) и други несреќи на подрачјето на општината.

**Заштита на животните и растенијата** –ќе има строга контрола во чувањето на шумското богатство и ригорозни казни за сторителите кои недозволено ги сечат шумите и оние кои ги палат.

**Редовно чистење на постоечките одводни канали и по потреба изработка на нови како и поправка на старите.**

**Заштита од пожари**

- Инсталирање и ставање во функција на опремата за гаснење пожари во општината и другите админстративни служби;
- Видно обележување на хидрантите воопштината;
- Поставување хидранти во секое село каде што има локален водовод и
- Формирање тело за заштитен противпожарен појас околу општината.

Рок на реализација: 2013–2017 година.

## ИНФОРМАТИЧКИ РАЗВОЈ

Локалната администрацијата на ВМРО–ДПМНЕ во следниот четиригодишен период планира организирање на курсеви за информатика за младите од општина Новаци.

- Надградба на постојниот и воведување нов софтвер во рамките на општинската самоуправа, со цел да се подобри квалитетот на е-услугите кои им се нудат на граѓаните;
- Поставување на е-точки на локации во општината кои досега немале пристап до интернет и
- Редовно ажурирање на содржините на веб-страницата на општината.

Рок на реализација: 2013–2017 година.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Нашите најважни проекти во развивањето на меѓународната соработка во следниот четиригодишен период ќе бидат:

- Збратимување на Општина Новаци со Општина Измир, Република Турција;
- Учество на Општина Новаци во ИПА Програмата за прекугранична соработка 2007-2013 година со неколку општини од Република Грција (рок до 2014);
- Збратимување на Општина Новаци со Општина Алмопиа, Република Грција;
- Збратимување на Општина Новаци со општина Дуги Рат од Република Хрватска;
- Збратимување на Општина Новаци со општина од Република Црна Гора;
- Збратимување на Општина Новаци со општина од Република Словенија и
- Збратимување на Општина Новаци со општина Новаци од Република Романија.

Рок на реализација: 2013 – 2014

**Одржување и зајакнување на контактите со дијаспората**

Како општинска власт, ќе работиме на одржување и зајакнување на контактите со дијаспората. Ќе го поддржиме отворањето на македонски друштва, особено во местата каде што има жители по потекло од општина Новаци, со цел да се одржуваат контактите со родниот крај и да се отворат можности за инвестирање и промоција на општина Новаци и Македонија во светот.

Рок на реализација: континуирано.